# Упатство за регистрација на клиенти физички и правни лица на системот за електронско банкарство

Услугата **Електронското банкарство** може да се користи за физички и правни лица, клиенти на ЦКБ АД Скопје, преку корисници физички лица од чие име а за своја сметка или сметка на правното лице се вршат трансакции или други операции во системот на електронско банкарство и тоа преку веб страната CCB Online и/или преку мобилно банкарство CCB Mobile.

**Регистрација за електронско банкарство** CCB Online

Регистрација на корисник на Електронско Банкарство се врши на сајтот на Банката www.ccbank.mk во делот Регистрација.

На следниот линк https://online.ccbank.mk/registr/ може да се регистрирате за електронско банкарство.




Со клик на регистрација се отвора почетното мени :




За клиент правно лице прво е потребно регистрација на правното лице а потоа и регистрација на корисниците кои ќе работат за правното лице, додека за клиент физичко лице е потребна само регистрација на физичкото лице.

**Регистрација на правни лица** го нуди образецот Барање за регистрација кој треба да биде пополнет од ваша страна за потврда во Експозитура. Понатаму регистрацијата за правното лице може да ја извршите сами и да продолжите преку линкот CCB Online Registration



Со избор на линкот за Регистрација на правни лица CCB Online Registration се отвора подмени:




При што е потребно да се пополни следната форма со податоци за правното лице:




Напомена: Регистрацијата може да се спроведе во матичната (или најблиската) експозитура на клиентот со поднесување на барањето од овластеното лице за застапување на правното лице.

За пристап на електронското банкарство за правното лице се одредени следните типови на корисници:

1) **Сопственик** - со права за внес и потпишување на налози
2) **Законски застапник** - со права за внес и потпишување на налози
3) **Корисник** - со права за внес и потпишување на налози
4) Корисник - со права за внес на налози и увид на состојби по сметки
5) Корисник - со права само да внесува налози

Напомена: Типови корисници под 1),2) и 3) може само да користат CCB Mobile а сите заедно CCB Online.

**Регистрација на физички лица/Регистрација за физички лица како корисници за правни лица** – е мени каде се врши регистрација на физички лица корисници во свое име и за свои сметки или за регистрација на физичките лица како корисници на е-банкарство на правно лице;

**Промена на лозинка** се користи за промена на заборавена лозинка;

**Регистрација на сопствен сертификат издаден од КИБС** за регистрација на физички лица корисници во свое име и за свои сметки или за регистрација како корисници на е-банкарство на правно лице за користење на системот CCB Online доколку имаат постоечки сертификат издаден од КИБС.

Со избор на подменито **Регистрација на физички лица/Регистрација за физички лица како корисници за правни лица**, следува избор на:




*Регистрација на CCBOnline (со сертификат) или Регистрација на CCBMobile банкарство (без сертификат),* со клик се појавува формуларот на кој физичките лица се најавуваат за себе или за корисници на правно лице и потребно е да ги внесат следните податоци:




Напомена: при потполнување на основните податоци на оваа форма (ваши лични податоци, корисничко име и лозинка) последниот ред е поле кое се означува доколку физичкото лице се регистрира како корисник на правно лице со цел за негово потврдување како еден од типовите на корисник за правно лице.

Корисничкото име кое го избирате е единствено и уникатно за системот на електронско банкарство. Препорака лозинката да содржи минимум 8 карактери, голема буква и специјален знак поради поголемо ниво на сигурност.

Откако ќе ги внесете сите податоци и кликнете на ПРЕГЛЕД, добивате прозорец на кој може да извршите прегледување на внесените податоци и доколку истите се во ред се оди на ОК.

Откако ќе ги внесете сите податоци и истите ги потврдите со клик на ОК ја добивате следната порака по која треба да ја посетите матичната (или најблиската) експозитура за потврдување.




Напомена: првичната регистрација со горните податоци може да се изврши од страна на Банката преку вашата матична (или најблиската) експозитура. За повеќе информации може да се обратите на адреса: IBANK@ccbank.mk или на телефон:02/3249 331.
Потврдата на Вашата регистрација (дали преку веб страната лично или преку експозитура) се извршува во матичната (или најблиската) експозитура со потребна документација за

идентификација и со потпишување на интерните документи од Банката (Договор за користење на системот за електронско банкарство и формулар составен дел од Договорот со наслов




Барање на поставување/промена на права и лимити за системот на електронско банкарство на ЦКБ АД Скопје). После оваа потврда на регистрацијата можете да ја отворите апликацијата за електронско банкарство преку CCB Online, да имате увид во доделените сметки, да внесувате налози, но не можете да потпишувате налози за плаќања. Истите може да ги потпишувате преку CCB Online само со инсталиран сертификат или доколку имате активирано мобилна апликација CCB MOBILE MK преку **CCB Mobile**.

**Инсталирање на сертификат кој е генериран и доставен од страна на Банката на токен**

Истовремено со потврдата на регистрацијата за електронско банкарство преку CCB Online, во експозитурата поднесувате **Барање за издавање на сертификат** кој откако ќе биде изработен дополнително ќе Ви биде доставен за користење. Заедно со сертификатот ќе добиете Упатство за инсталирање односно импортирање на сертификат по што ќе Ви биде овозможено користење на системот на CCB Online.
За секоја информација може да се обратите на адреса: IBANK@ccbank.mk или на телефон:02/3249 331

**Инсталирање на сопствен КИБС сертификат за користење на CCB Online**

Доколку поседувате сопствен сертификат од овластениот издавач на сертификати КИБС АД Скопје, истиот може да го користите за системот на CCB Online со претходно регистрирање на истиот сертификат на веб-сајтот на Банката или преку Вашата матична (или најблиската) експозитура.

Откако во експозитурата ќе ја потврдат внесената регистрација, на компјутерот од кој ќе пристапувате на системот CCB Online потребно е да го регистрирате сопствениот сертификат. Во продолжение се презентирани чекорите за регистрирање на сопствен сертификат издаден од КИБС АД Скопје.

Потребно е повторно да пристапите до линкот за регистрација за електронско банкарство на веб сајтот на Банката по што ќе Ви се појави следниот прозорец.




Со клик на линкот **Регистрација на сопствен сертификат издаден од КИБС** ќе се појави следниот прозорец.

Бидејќи Вашата регистрација е потврдена при посетата на експозитурата, се најавувате со Вашето корисничко име и лозинка. Со најавата се појавува следниот прозорец:




Со клик на линкот се појавува следниот прозорец:




Доколку Вашиот сертификат е инсталиран на прелистувачот преку кој пристапувате со изборот на ова поле ќе се појави прозорец на кој се содржани информациите за сертификатот како што е презентирано.




Со клик на полето **регистрирај** ќе добиете потврда дека сертификатот е регистриран. Откако е завршена регистрацијата на сертификатот, потребно е да ја контактирате Вашата матична (или најблиската) експозитура за истиот да биде потврден од страна на службеник во Банката.

## Промена на лозинка

Ова е линк што дава можност корисникот да ја промени заборавената лозинка. Со клик на линкот за промена на лозинката се добива следниот прозорец:




Со внесот на потребните податоци и потврдување на истите преку понуденото копче ОК, ќе ја добиете следната порака:




По ова потребно е да се упатите кон Вашата матична (или најблиската) експозитура за потврда на новата лозинка.

## Регистрација на апликација CCB Mobile MK

Апликацијата CCB Mobile MK е достапна бесплатно за преземање и инсталирање преку преку App store или Google Play. За користење на електронското банкарство преку системот **CCB Mobile MK** односно потврдување на налози не е потребно да се генерира и инсталира сертификат за корисникот за да се потпишуваат налози.

Прозорецот кој се појавува при вклучување на апликацијата CCB Mobile MK е следниот:




Доколку не сте корисник на електронското банкарство преку системот CCB Online тогаш најпрво се регистрирате за корисник на CCB Mobile преку местото означено *тука*, по што продолжувате со избор на Регистрација на физички лица/Регистрација за физички лица како корисници за правни лица, потоа мени Регистрација на CCBMobile банкарство (без сертификат) и сите чекори наведени на почетокот за регистрација. Во секој случај регистрацијата и на CCB Mobile може да биде направена и во матичната (или најблиската) експозитура.
Доколку веќе сте корисник на електронското банкарство преку системот CCB Online, тогаш директно се најавувате со корисничкото име и лозинка од електронското банкарство.

Со внесот на Вашето корисничко име и лозинка ќе го добиете прозорецот кој е презентиран во продолжение.




Откако ќе ја добиете оваа порака, Вашата регистрација е прифатена и со ова во Банката е доставено барање за користење на системот на CCB Mobile.

Со клик на полето **продолжете** ќе бидете упатени кон првата страна од мобилната апликација:




Напомена: потребно е да ја посетите Вашата матична (или најблиската) експозитура каде сте регистрирани како клиент за да ве идентификуваат со потребна документација за идентификација.

Доколку не сте корисник на електронското банкарство треба да потпишете Договор за користење на системот за електронско банкарство и придружен формулар Барање на поставување/промена на права и лимити за системот на електронско банкарство на ЦКБ АД Скопје по што ќе биде потврдена регистрацијата и ќе го добиете потребниот шестоцифрен код за регистрација.

Со внесување на истиот код продолжувате со дефинирање на вашиот шестоцифрен личен код кој треба да го чувате во тајност и преку кој понатаму ќе ја отворате вашата мобилна апликација.